**До**

**Комисија за измени на Законот за вештачење при Министерството за правда.**

**Предлог на измени на Законот за вештачење до комисијата за измени на Законот за вештачење од вешти лица**

Со овој поднесок доставуваме барање за преформулирање на член 67 од Законот за вештачење (Службен весник на РСМ број 154/23) со следното образложение .

Вештите лица кои не поднеле барање за издавање на лиценца за вештачење во предвидениот рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон, а имаат важечки лиценци или лиценци кои што во меѓувреме им е истечен рокот и уредно 30 дена пред истекот на рокот е поднесено барање да се обноват, сме на мислење дека треба само да се заменат со други лиценци како што тоа е случај со сите издадени документи и други важечки формулари кои неможе да престанат да важат еднаш донесени од надлежни органи и институции.На мислење сме дека направен е превид при формулирање на овој член од законот, па затоа го доставуваме овој предлог од најмалку 20 и повеќе вешти лица.

Подолу даваме формулација на членот 67.

**Член 67 во Законот**

**Лиценците за вештачење издадени пред денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат, за што вештаците во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да достават барање до Министерството за правда за издавање лиценца за вештачење во согласност со одредбите од овој закон.**

**Член 67 Предлог изменет член**

**Лиценците за вештачење издадени пред денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат, за што вештаците се должни да достават барање до Министерството за правда за издавање лиценца за вештачење во согласност со одредбите од овој закон.**

**Член.20 став1**

**За лицата кои добиваат лиценца со неполагање на испит по основ на докторати или магистерски студии би требало да добијат лиценца по основ на докторатот или магистериумот за која област го стекнале а не да се врзува со областа на фактултетот кој е само основа за докторат или магистериум.И на крај тој или таа добива лиценца по основ на стекната лиценца за магистериум или докторат а не од областа на стекнатиот факултет.**

**Што се однесува до супер вештачење доволно е да стои :**

**Може да врши правно лице кое е регистрирано за вештачење и слобододно да ангажитра три вешти лица со лиценца бидејки и на физички лица им е дозволено вештачење .Ова од причина што од сите области осем материјално сметководствената , примарна дејност им е сосема**

**што од сите области осем материјално сметководствената , примарна дејност им е сосема друга, а секундарна вештачењето.Па и во ред е бидејки сите области се со различен интензитет за вештачење.Правните лица па скоро и да неможе да се обезебедат материјални средства за плата за едно вработено лице имајки ги во предвид си останата издатоци(обуки,членарини осигурвања и останати давачки) и трошоци на правното лице.**

**Воедно напоменуваме дека забелешки и мислења по однос на измени на Законот за вештачење се побарани на транспарентен начин од фелата и забрлешките се доставуваат со мислења и предлози по однос на измените на Законот за вештачење кои треба да се земат во предвид и само така со успешна соработка на сите страни ќе функционираат сите засегнати органи и членови од фелата а посебно Комората која треба да ги штити нашите интереси. Подолу даваме список од вешѕи лица кои се предлагачи на погоре дадените забелешки.**

1 Бранко Аризанов
2 Гане Велков
3 Владе Крстевски
4 Санде Михајловски
5 Китановска Лепосава
6 Зоре Бошевска
7 Никола Николовски
8 Иван Миланов
9 Ленче Цветкова
10 Стојна Здравева
11 Горан Србиноски
12 Лилјана Алексова
13 Славица Андонова
14 Гане Велков
15 Глигор Иванов
16 Бобан Јанев
17 Димитар Христовски
18 Влатко Галабов
19 Бенизар Ганиу
20 Стеван Лашкоски
21 Синиша Спасиќ
22 Бојан Петрушевски
23 Стојан Димов
24 Иван Миловановиќ
25 Татјана Василевска
26 Ѓоре Димовски
27 Стефан Станковски
28 Тања Занова
29 Елизабета Лазаревска
30 и останати